# Поставување на лозинка (ПИН) за управување со приказ на сметки

## Цел

*** Оваа функција ќе биде достапна на i-bank корисникот кој е овластен на сметки од правно лице а воедно е корисник на сервисот како физичко лице со свои сметки и има за цел ограничување на увид на личните сметки и сметките од правното лице.

Следи ги следниве чекори за да го ограничите увидот на сметките со 4 цифрен ПИН

1. Најпрво логирајте се на вашиот е-банкинг профил кој треба да ги прикаже вашите сметки и да изгледа вака




2. За да одберете кои од вашите сметки (ФИЗИЧКИ или ПРАВНИ) да бидат со ограничен увид, одете во администраторскиот панел на левата страна и изберете **“Управување со лозинки”**



3. Откако ќе кликнете на Управување со лозинки, се појавува екранот за поставување на ПИН на вашите сметки (ЛИЧНИ или КОМПАНИСКИ). Одбирате некоја од опциите, сетирате ваш личен ПИН составен од 4 цифри и притискате на СНИМИ, при што добивате Зелена потврдна порака




4. Откако ќе ги заклучите посакуваните сметки, во случајот (ПРАВНИ), увидот на вашиот ебанкинг треба да изгледа како на сликата подолу.
   За увид на сметките на правни лица потребно е да се стисне на катанчето (обележано во црвено) и да се внесе 4 цифрениот ПИН кој претходно го поставивте.



****Доколку сакате да го отстраните или промените ПИН-от на поставените сметки, одете во администраторскиот панел во делот **“Управување на сметки”** и изберете го делот на ПОСТАВИ ПИН ЗА ОГРАНИЧЕН УВИД НА КОМПАНИСКИ СМЕТКИ, каде што ќе го избришете или промените поставениот ПИН




Откако ќе притиснете на некое од посакуваните опции треба да добиете Зелена потврдна порака за успешност.

НАПОМЕНА!

Оваа функционалност е по барање на клиенти кои го отстапуваат корисничкиот пристап на не овластени лица на сметка во нивно име да вршат налози. Истото не е во согласност со начелата што Банката ги практикува за i-bank корисниците бидејќи корисничкиот пристап е издаден по матичен број и само тој на кој гласи и на кој е издаден сертификат/ОТП токен може да врши увид односно плаќање преку i-bank сервисот!